Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# Развој на текстилната индустрија во Р. Македонија и потребата од едукација во одржливи технологии

# Влијание на Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020 година) врз текстилната индустрија

# The development of textile industries in R. Macedonia and the need for education in sustainable technologies

# Influence of the strategy for waste management of R. Macedonia from 2008 - 2020 years on the textile industry

**Силвана Крстева**
*Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*

**Сегашна состојба**



-**субстандард**
**на**
- **неефикасна**

## Проблемски подрачја во Управувањето со цврстиот отпад во Р. Македонија

| Подрачја | Проблеми |
| --- | --- |
| Политика и легислатива | • Некомплетно законодавство<br>• Непостоење на мониторинг и спроведување |
| Институционална и организациона поставеност | • Недоволно јасно определени улоги на носителите на одлуките<br>• Непостоење на Одделение за УО при МЖСПП<br>• Несоодветна распределба на обврски и комуникација помеѓу национално и локално ниво<br>• Неадекватни предуслови за вклученост на приватниот сектор<br>• Непостоење на економски / финансиски инструменти и неадекватна поддршка за нивна имплементација |

| | |
|---|---|
| Техничка / организациона поставеност | • Недоволна покриеност со организирана услуга за собирање на отпадот<br>• Ниски стандарди за собирање и депонирање на отпадот<br>• Непостоење на селективно собирање на опасен отпад<br>• Недоволно селектирање на медицински отпад и несоодветни стандарди за негов третман<br>• Непостоење на селективно собирање на специјални видови на отпад<br>• Неразвиен пазар за рециклабилни материјали, ниски стандарди за животна средина при третман / рециклажа |
| Економски / финансиски проблеми | • Низок степен на плаќање на надоместоци и несоодветно покривање на тековни трошоци<br>• Несоодветни инвестициони капацитети за изградба на логистика/ системи за депонирање<br>• Непостоење на соодветни инструменти да стимулираат / предизвикаат промени |
| Капацитети на човечки ресурси | • Недоволни капацитети на носители на национално ниво<br>• Несоодветен мониторинг / капацитети за спроведување<br>• Непостоење на мониторинг во рамки на генераторите на отпад |
| Свест на носителите и јавноста | • Несоодветна комуникација помеѓу носителите на сите нивоа<br>• Непостоење на стратегија за комуникација со јавноста |



За да се спречат овие негативни појави и да се намали нивното влијание треба да се задоволат следниве потреби:

- Да се определат тековите на цврстиот отпад, од неговото создавање до конечното згрижување
- Да се утврдат реалните рамки за управување со цврстиот отпад на подрачјата на општините
- Да се предвиди ефикасен систем за интегрално управување со цврстиот отпад, со определување на постапки, активности и субјекти-реализатори според објективните можности на локалната заедница

*Стратегијата за управување со отпад ја одразува националната политика во доменот на управување со отпадот и претставува основа за подготвување и за спроведување на поефикасен интегриран систем за управување со отпадот, кој ќе биде ефективен во однос на трошоците*

**Цели на Стратегијата**

- надминување на неприфатливата состојба на животната средина
- целосна контрола над создадените текови на отпад
- воведување на технологии за почисто производство и одржливо управување со природните ресурси и со отпадот



## ***Основни клучни принципи на Националната Стратегијата за управување со отпад се:***

- Одржлив развој
  - Принцип на близина и самодоволност
    - Принцип на претпазливост
      - Принцип "загадувачот плаќа"
    - Хиерархија на отпадот
  - Најдобра изводлива еколошка опција (НИЕО)
- Одговорност на производителот



## *Предвиденото преструктуирање на текстилните претпријатија ќе овозможи:*

- сепарирањето на одделните отпадоци и рециклирањето на текстилниот отпад да се врши во самите производствените претпријатија
- смалување на трошоците за ракување со текстилниот отпад и
- негово повторно користење како потенцијална суровина

Текстилниот отпад истовремено поседува *еколошка и економска компонента.* Сите фази на обнова на текстилниот отпад, коишто се употребуваат за производство на нови производи или на енергија, овозможуваат зачувување на необновливите природни ресурси.

Конфекциските претпријатија поекономично е да ги користат услугите на претпријатијата, чија основна дејност е рециклирање на текстилниот отпад



*Со реализација на новата стратегија за управување со отпад се очекува да се постигнат повеќе позитивни ефекти во текстилната индустрија:*

- смалување на количините и видовите на создаден цврст текстилен отпад, со спроведување на регуларни постапки
- спречување на загадувањето на животната средина и природата
- елеминирање на можноста за нарушување на  здравјето на луѓето
- подобрување на квалитетот на животот со отстранување и рекултивирање на дивите депонии
- економска корист од повторна употреба и рециклирање на текстилниот отпад

# *Заклучок*

За имплементирање на системите за одржливо управување со цврстиот отпад од текстилната индустрија, потребно е сите носителите на одлуки, ***националните и локалните власти, индустриите и комерцијалниот сектор***, да се соочат со потребата од:

- превземање на итни организациони мерки и нивно финансирање
- примена на комбинација од стимулативни и казнени мерки
- затварање или рекултивирање на несоодветни депонии
- воведување на надоместоци / такси кои би биле прогресивно зголемувани на годишно ниво
- подигање на еколошката свест на создавачите на отпад и комуникација
- зајакнување на мониторингот и инспекцијата

***Се смета дека овие мерки ќе го трасираат патот кон имплементирање на долгорочните политики за интегрирано Управување со отпад***



**REDUCE RE-USE RECYCLE**

# Благодарам за вниманието